**Република Македонија**
**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

Ул. "Даме Груев" бр.1 1000 Скопје тел: 02 / 3 215 377 факс: 02 / 3 215 380 E-mail:dksk@dksk.org.mk

Број 02-3/8
20.01.2011 година
С к о п ј е

# Извештај и анализа за статусот на реализација на активностите од АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

***(период мај 2008-декември 2010 година)***

Државната комисија за спречување на корупцијата (Државна комисија) операционализирајќи ја својата надлежност утврдена во член 21 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување судир на интереси и остварувајќи една од активностите утврдени во својата Програма за работа за 2008 година, во мај 2008 година ја донесе Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план за нејзино спроведување (Државна програма). Рокот за реализација на Државната програма е утврден со Акциониот план мај 2008 година - декември 2010 година.

Оваа Државна програма го надополнува и надградува веќе поставениот нормативен пристап во борбата против корупцијата и судирот на интереси - Закон за спречување на корупцијата, Закон за спречување судир на интереси, Закон за слободен пристап до информации од јавен катактер, Државна програма за превенција и репресија на корупцијата, Етички кодекси и др.

Листата на проблеми во Државната програма е сублимирана во поодделни ризични области кои како такви понатаму се обработени со предлагање на мерки и активности што е неопходно да бидат преземени со цел надминување на проблемите од соодветната ризична област. За следење на реализацијата на секоја предвидена активност, утврдени се соодветни индикатори. За одредени активности утврдени се и индикатори на мерење на ефективноста од имплементацијата на активностите. Предвидени се и органите и институциите кои се носители на активноста, роковите за реализација и финансиските импликации. Така одредени се вкупно 9 ризични области, 15 воочени проблеми, 35 активности (мерки и препораки) и 43 индикатори на активноста.

Државната комисија е надлежна за следењето на Државната програма, а воедно е и активен чинител за нејзина релизација. Како активни чинители за имплементација на Државната програма, покрај Државната комисија, се јавуваат и: Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, министерствата, органите на локалната самоуправа, судовите, јавното обвинителство, други органи и организации, невладиниот сектор и медиумите.

Овој Извештај за статусот на реализација на активностите од Акциониот план за спроведување на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси за период мај

2008-декември 2010 година, претставува заокружување на реализацијата на активностите од Државната програма.

Истиот е изготвен врз основа на анализа на остварувањето на активностите од Државната програма, по претходно прибрани и обработени податоци.

Имајќи предвид дека рокот за реализација на Државната програма беше две години, прибирањето, обработката и анализата се вршеше во 2009 година и 2010 година.

Така, Државната комисија како надлежна за следење и спроведување на Државната програма, во текот на декември 2009 година, за првпат се обрати со барање за доставување податоци до 12 институции вклучувајќи ја и Државната комисија, клучни за реализација на активностите од Државната програма се пред се Собрание на Република Македонија, Влада на Република Македонија, Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски, Агенција за државни службеници, Министерство за култура, Совет за радиодифузија на РМ, ЗЕЛС, Јавно обвинителство на РМ и Централен регистар на РМ.

Сите институции до кои се обрати Државната комисија доставија податоци, што претставува потврда за успешна соработка за реализација на Државната програма.

По добивањето на податоците од надлежните институциии и нивната обработка и анализа, се констатираше дека во периодот од мај 2008 година до декември 2009 година од предвидените 35 активности (мерки и препораки), реализирани (континуирано) беа 16 или 46%, делумно реализирани 6 или 17% и нереализирани 13 активности или 37% .

Државната комисија за спречување на корупцијата врз основа на овие податоци добиени од анализата на остварувањето на активностите од Акциониот план во периодот од мај 2008 година до декември 2009 година, во март 2010 година донесе заклучоци и препораки.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Реализацијата на активностите од Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси за периодот мај 2008 – декември 2009 година е 63% од кои 46% целосно и 17% делумно реализирани, а останатите 37% се нереализирани активности. Степенот на реализација на активностите е на задоволително ниво, како потврда на изразената институционална и политичка волја за спроведување на Државната програма.
2. Во Акциониот план за спроведување на Државната програма од вкупно предвидените 35 активности, Државната комисија за спречување на корупцијата е носител или учесник на 25 активности или 71% од вкупниот број активности.Од страна на Државната комисија целосно (континуирано) реализирани се 15 и делумно реализирани 4 активности.
3. Соработката за реализација на Државната програма меѓу Државната комисија за спречување на корупцијата и институциите надлежни за спроведување на активностите од Државната програма, преку остварената комуникација и реализација на обврската за доставување на податоците, се потврдува како успешна.
4. Реализацијата на активностите за подобрување на нормативната рамка е во утврдените насоки од Државната програма. Донесени се Законот за изменување и дополнување на законот за спречување судир на интереси и Законот за лобирање. Во утврдените насоки е и реализацијата на активностите за донесување правила за однесување на службените лица во ситуации на реален судир на интереси и зајакнување на свеста за постоење на судир на интереси и негово надминување (водич и обуки).
5. Активностите во насока на преиспитување на одредбите од законските и подзаконските акти кои оставаат простор за дискреционо постапување на избраните и именуваните лица, како и активностите

во насока на разграничување на делокругот на ресорите и надлежностите на функционерите, а со цел одбегнување на преклопување на овластувања не се реализирани (трета ризична област).

6. Активноста во насока на донесување етички кодекси предвидена како мерка за надминување на воочените проблеми во повеќе ризични области, со цел да се обезбеди транспарентност и одговорност во работата на избраните и именуваните лица вклучувајќи и зајакнување на заштитата на јавните добра од користење во изборниот процес, исто така не е реализирана.

7. Активностите за донесување и измена на регулативата за медиумите и невладиниот сектор во насока на деакумулација на функциите и спречување на остварување корист не се реализирани целосно (Закон за радиодифузна дејност, Закон за здруженија на граѓани и фондации и Закон за печатени медиуми).

ПРЕПОРАКИ

1. Во наредниот период институциите носители на активност со зголемен интензитет да пристапат кон реализација на активностите кои не се реализирани, особено ако се има предвид крајниот рок за реализација утврден во Акциониот план за спроведување на Државната програма-декември 2010 година.

2. Истовремено активностите кои се делумно реализирани да се остваруваат со предвидената динамика и согласно со утврдениот рок.

3. Во подготовката на легислативата да се имаат предвид насоките од Државната програма и доследно да се остварува законската надлежност на Државната комисија да дава мислења за предлози на закони од значење за спречување судир на интереси и корупција.

4. Во наредниот период Државната комисија да ги зголеми напорите и да ги поттикне Владата и Собранието на поактивен однос за реализација на активностите, особено во областа на дискреционите овластувања и донесувањето на етичките кодекси.

5. Државната комисија да ги поттикне надлежните институции да пристапат кон целосна реализација на предвидените законски измени што се однесуваат на медиумите и невладиниот сектор во насока на деакумулација на функциите и спречување на остварување корист, разграничување и поделба на носителите и вршителите на функции во оваа област, заштита на плурализмот на сопственоста на медиумите, како и зајакнување на контролата во примената на постоечките законски одредби кои го регулираат ова прашање.

Извештајот за статусот на реализација на активностите од Акциониот план за спроведување на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси (период мај 2008-декември 2009 година) со заклучоците и препораките, беше доставен до сите надлежни институции.

Државната комисија за спречување на корупцијата, на крајот од 2010 година врз основа на податоците добиени со следење на промените во постоечката законска регулатива, како и податоците кои веќе беа доставени до Државната комисија, ја направи втората обработка и анализа на активностите, при што констатира дека има сосема мал напредок во реализацијата на активностите. Така, процентот на реализирани активности во 2010 година се зголеми за 3% .

Имено, во периодот од декември 2009 година заклучно со ноември 2010 година се донесени Законот за здруженија и фондации, Етички кодекс на членовите на Владата на РМ и носителите на јавни функции именувани од Владата на РМ и Законот за јавните службеници.

Оттука може да се констатира дека само делумно е постапено по препораките на Државната комисија и тоа во дел од активностите што се однесуваат на донесување на законската регулатива предвидена со Државната програма.

Така, во периодот од  донесувањето на Државната програма до крајниот рок за нејзина реализација, степенот на остварувањето на активностите, од предвидените 35 е:
-реализирани се 17 активности или 49%
-делумно реализирани  8 или 23%  и
-нереализирани  10 активности  или 28%

Со оглед на тоа што крајниот рок за реализација утврден во Акциониот план за спроведување на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси е декември 2010 година, паралелно со изготвувањето на новата Државна програма за превенција и репресија на корупцијата, се работи и на новата Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси.
При изготвувањето на новата Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси ќе се земат предвид активностите кои не се реализирани, како и оние кои  се делумно реализирани и причините поради кои не се реализирани.

## Анализа на активностите по ризични области

*(период мај 2008 година-декември 2010 година)*

### 1. Ризична област: КУМУЛАЦИЈА НА ФУНКЦИИ И ОСТВАРУВАЊЕ КОРИСТ

Во првата ризична област воочен е <u>еден проблем</u>: Позиција на фактички судир на интереси, за чие надминување се предвидени 6 активности (мерки, препораки). Од нив: реализирани се 5 и делумно реализирана е  1 активност.

Прва клучна активност за надминување на овој проблем е дизајнирање Водич, кој ќе содржи сет на правила за однесување на службените лица кога ќе се најдат во ситуација на реален судир на интереси.
Државната комисија во септември 2008 година изготви Водич за управување со судир на интереси кој претставува практична алатка што треба да им обезбеди на службените лица и пошироката јавност помош и поддршка при разрешувањето на нивните дилеми во однос на тоа дали определена активност претставува судир помеѓу јавниот и приватниот интерес.  Содржината на водичот ги опфаќа сите сегменти од сферата на судирот на интереси
Во акциониот план за спроведување на Државната програма е предвидено донесување на два водича за чие реализирање се утврдени посебни финансиски средства. Донесувањето на првиот водич како активност е предвидено во првата, втората и осмата ризична област.(Кумулација на функции и остварување корист, Влијание заради остварување на финансиска и друг вид корист и Вработување по престанок на функцијата).
Вториот водич е предвиден во петтата и седмата ризична област (Подароци и Користење на јавни добра за приватни -лични, партиски и други цели) и тој треба да ги опфати  проблемите и мерките за нивно надминување, утврдени во овие две области.
Заради креирање на единствено практично средство, достапно за сите службени лица и пошироката јавност, Државната комисија пристапи кон изготвување на еден комплетен водич кој ги содржи сите ризични области.

За приближување на утврдените правила за однесување на службените лица кога ќе се најдат во ситуација на реален судир на интереси и нивна практична примена, Државната комисија во текот на 2008, 2009 и 2010 година спроведе активности, едукации и обуки за судир на интереси-препознавање и надминување, со кои беа опфатени сите ризични области од судирот на интереси. Во 2008, 2009 и 2010 година беа одржани обуки со претставници од правосудните органи со кои се опфатени околу 390 претставници од четирите апелациони подрачја.
Во текот на 2010 година беа одржани и обуки за претставници од 28 општини.

Во насока на реализација на активноста проверка на индиции за судир на интереси и утврдување на постоење на судир на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата континуирано постапува во случаи на судир на јавниот и приватниот интерес (утврдени со Законот за спречување судир на интереси или друг закон) и дава иницијатива за примена на мерки на одговорност на службеното лице утврдени со овој закон во случаите кога ќе се утврди постоење судир на интереси.
Така, во периодот од средината до крајот на 2008 година постапувано е по 30 предмети од кои судир е утврден во 9 случаи. Во текот на 2009 година постапувано е по 63 предмети од кои судир е утврден во 20 случаи, а во 2010 година постапувано е по 194 предмети - судир е утврден во 48 случаи.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно надлежностите утврдени во Законот за спречување судир на интереси дава иницијатива за примена на мерки на одговорност на службеното лице утврдени со овој закон во случаите кога ќе се утврди постоење судир на интереси.
Од мерките предвидени во ЗССИ во периодот мај 2008 година заклучно со ноември 2009 година, од страна на Државната комисија во еден случај е побарано изрекување на мерката опомена. Мерката не е изречена бидејќи лицето на кое се однесуваше поднесе оставка на функцијата која ја извршувал. Во наведениот период Државната комисија нема доставено иницијатива за примена на мерките на одговорност утврдени во законот.
Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување судир на интереси (Службен весник на РМ бр.114 од 14. 09. 2009 година) се реализира активноста во насока “мерката јавна опомена да ја изрекува ДКСК”. Во текот на 2010 година Државната комисија за спречување на корупцијата има изречено 7 мерки јавна опомена.

Донесувањето и измената на регулативата за медиумите и невладиниот сектор во правец на деакумулација на функциите и спречување на остварувањето корист, е активност која е делумно реализирана.
Во смисла на ова предвидени се измени на Законот за радиодифузна дејност, Законот за здруженија на граѓани и фондации и донесување Закон за печатени медиуми.
Во однос на Законот за радиодифузна дејност, Министерството за транспорт и врски посочува дека во постоечкиот закон постојат одредби со кои се регулира оваа проблематика.
Во 2008 и 2010 година се извршени измени на Законот за радиодифузна дејност, но истите не се во насока на предвиденото со активноста.
Во април 2010 година донесен е Закон за здруженија и фондации, во кој има една одредба која се однесува на неспојливост на функции, за членовите на органот за надзор и за вработените во организациите со статус од јавен интерес.
Во овој период не е донесен закон за печатени медиуми.

**2. Ризична област: ВЛИЈАНИЕ ЗАРАДИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА И ДРУГ ВИД КОРИСТ**

Во втората ризична област воочени се три проблеми**:** Злоупотреба на позицијата за влијание при одлучување за остварување на финансиска и друг вид корист, Непријавување на случаи на влијание, Непостоење регулатива за лобирањето и 5 активности за нивно надминување.
Од предвидените 5 активности: реализирани се 3 и делумно реализирани 2 активности.

Секогаш кога службеното лице може во процесот на одлучување да ја злоупотреби сопствената позиција за да изврши или прикрие влијание, со што може да оствари лична финансиска корист, постои судир на интереси. Во ваквите ситуации, потребно е службеното лице да бара да биде изземено. И покрај тоа што во позитивно-правната рамка во Република Македонија постои разработка на овој институт, евидентно е дека во практиката отсуствува неговата примена.
Затоа, потребна е едукација за тоа, кога и во кои случаи на постоење на приватен интерес службеното лице треба да се изземе од постапување и одлучување.
Државната комисија едукацијата за примена на институтот изземање, ја реализира во рамките на обуките за судир на интереси-препознавање и надминување, активност опфатена со првата ризична област.

Активноста за примена на Кривичниот законик во случај на дела од ваков вид – Злоупотреба на позицијата за влијание при одлучување за остварување на финансиска и друг вид корист, која се остварува преку покренати иницијативи за казнено гонење до Јавното обвинителство (иницијативи за поведување постапка за кривично гонење заради постоење на основано сомнение дека е сторено кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување по член 353 и Несовесно работење во службата по член 353-в од Кривичниот законик) и покренати постапки од страна на Јавното обвинителство, континуирано се реализира.

Мерката за надминување на проблемот-злоупотреба на позицијата за влијание при одлучување за остварување на финансиска и друг вид корист, во насока на донесување етички кодекси за пратениците, министрите и другите функционери е делумно реализирана. Ова значи дека во април 2010 година донесен е Етички кодекс на членовите на Владата на РМ и носителите на јавни функции именувани од Владата на РМ, но не е донесен етички кодекс и за пратениците во Собранието на РМ.

Со измените на Законот за спречување судир на интереси не е реализирана активноста - јасно прецизирање на постапката за пријавување и заштита на лицата што укажуваат на постоење судир на интереси, при што ќе бидат земени во предвид нормите што го уредуваат ова прашање во другите закони.
Сепак поради тоа што е изработен Информативен водич – активност опфатена вопрвата ризична област, оваа активност е делумно реализирана, иако не во насока на основната цел на активноста.

Со цел да утврдат правилата за легално влијание врз донесување на одредени акти или одлуки на државните органи и законски да се регулира проблематиката на лобирање, во август 2008 година донесен е Закон за лобирање.

## 3. Ризична област: ДИСКРЕЦИОНИ ОВЛАСТУВАЊА

Во третата ризична област воочен е еден проблем: Висок степен на дискреционите овластувања и 3 активности за негово надминување Од нив ниедна не е реализирана.
Високиот степен на дискреционите овластувања е веќе детектиран проблем и во насока на негово надминување отпочнати се значајни активности за преиспитување на одредени одредби од законските и особено подзаконските акти кои оставаат простор за дискреционо постапување на избраните и именуваните лица. Важно е овој процес да се заврши и да резултира, ако не со укинување, барем со висок степен на редуцирање на овластувањата.

Активностите во насока на завршување на отпочнатиот процес на преиспитување на дискреционите овластувања во законите и подзаконските акти, ниту спроведување на препораките од Владината комисија (тело) за дискреционите права, не се реализирани.

За подобрување на состојбата во оваа ризична област во Акциониот план на Државната програма е предвидена интервенција во Законот за организација и работа на органите на државната управа во насока на јасно и прецизно разграничување на делокругот на ресорите и надлежностите на функционерите (министрите и директорите), со цел одбегнување ситуации на преклопување на овластувањата.
Измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа од 2008 година и 2010 година не се во насоките предвидени со активноста.
Министерството за правда посочува дека освен со Законот за организација и работа на органите на државната управа, надлежностите на државните органи се регулираат и со посебните закони на одделни органи. Со постоечката регулатива, надлежностите на органите во голем дел се разграничени.

## 4. Ризична област: СЛУЖБЕНО ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПРИВАТЕН ИНТЕРЕС

Во четвртата ризична област воочени се три проблеми: Непостоење обврска за службените лица да пријаваат приватен интерес, Службеното лице постапува за работи во кои постои приватен интерес, Стекнување имотна корист на штета на јавниот интерес при склучување на јавни (управни) договори и 4 активности за нивно надминување. Од нив: реализирани се 2, делумно реализирана е 1 и нереализирана 1 активност.
Во овој сегмент најдиректно се изразува почитувањето на принципот на јавност и контрола врз работењето на службените лица.
За надминување на појавата службените лица непречено да постапуваат и во работи во кои имаат приватен интерес и да стекнуваат имотна корист на штета на јавниот интерес при склучување на јавни (управни) договори се препорачува воведување обврска за пријавување на приватен интерес, преку поднесување на изјава при изборот или наименувањето на фунцијата.
Ова се реализира со измените на Законот за спречување на судирот на интереси (ЗССИ) од 14.09.2009 година каде е предвидено воведување на нова обврска за службените лица да пополнуваат и поднесуваат изјава за интереси и истата се однесува на избраните и именуваните лица, државните службеници, вработените во органите на државната управа и други државни органи, во органите на судската власт, јавните претпријатија и установи, други правни лица на централната и локалната власт утврдени со закон, како и лица вработени преку агенциите за

привремено вработување со овластување. Сепак со имените на ЗССИ не е до крај регулирана обврската за пријавување приватен интерес со поднесување на изјава при секоја следна промена на функцијата.

Потребно е и зголемување на свеста за можноста за користење на институтот изземање со едукација и донесување на етички кодекси за областите во кои не се усвоени (за пратениците и министрите).
Едукација за примена на институтот изземање е реализирана во рамките на одржаните обуки-активност која е опфатена со првата ризична област.

Донесувањето етички кодекси за областите за кои нема (за пратеници и министри) е активност опфатена и објаснета во втората ризична област и е делумно реализирана.

Не е реализирана активноста во насока да се воведе обврска во ЗССИ службеното лице да потврди и потпише изјава дека во конкретен договор нема приватен интерес, која требаше да се реализира со измените на ЗССИ.
За реализација на активноста потребна е измена на посебните закони со воведување одредби за судирот на интереси.

### 5. Ризична област: ПОДАРОЦИ

Во петтата ризична област воочени се <u>три проблеми</u>: Постоење различни дефинициии за подарок (во ЗССИ, ЗСК и ЗКРСДО), Непостоење на единствена и ажурирана база на податоци на избрани и именувани лица – лица кои подлежат на член 3 став 2 од ЗССИ, Непостоење обврска за пријавување и евиденција на подароци и 5 активности за нивно надминување. Од нив: реализирана е 1, делумно реализирани 2 и нереализирани се 2 активности.

И покрај фактот што подароците се регулирани во три постојни законски решенија - Закон за спречување на корупција, Закон за судир на интереси и Закон за користење и располагање со стварите на државните органи, законските дефиниции не се докрај конзистентни, во однос на тоа што претставува подарок, која е дозволената вредност, каков е начинот на постапување со истиот.
Проблемот дополнително се засилува ако се има предвид и фактот дека не постои единствена и ажурна база на податоци за избрани и наименувани лица во смисла на Законот за спречување судир на интереси, ниту пак постои збирна информација и евиденција на подароците што ги добиле службените лица.
Со Законот за изменување и дополнување на законот за спречување судир на интереси се врши измена на одредбите кои се однесуваат на дефинирање, примање и класификација на подароците по вредност.
Во Законот за спречување на корупцијата нема измени на одредбите кои се однесуваат на забрана за примање и ветување подароци.
Од наведеното се констатира дека активностите во насока на усогласување на дефиницијата за подароците и класифицирање на подароците по вид, вредност, примател и дарител, се делумно реализирани.
Во однос на наведените закони: Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и Законот за судир на интереси, активноста за воведување обврска за пријавување подароци не е реализирана.

Донесувањето Водич за постапување со подароците согласно законите, е реализирана активност опфатена во првата ризична област.

Во овој период не постои единствена и ажурна база на податоци за избрани и наименувани лица-лица кои подлежат на член 3 став 2 од Законот за спречување судир на интереси.
Иако како активност е предвидена во оваа ризична област, базата на податоци во суштина треба да претставува збир на информации за избрани и наименувани лица во смисла на Законот за спречување судир на интереси, а не база за евиденција на подароците.
Со измените на Законот за судир на интереси и воведување обврска за службените лица за пополнување и поднесување изјава за интереси, евидентирањето на доставените изјави за интереси претставува прв чекор кон креирање на оваа база на податоци. Со заокружување на потребните податоци за сите избрани и наименувани лица во смисла на Законот за спречување судир на интереси, ќе се воспостави целосна и единствена база на податоци. Во насока на ова се и одговорите на институциите-учесници во реализација на активноста.
Во ЗЕЛС постојат бази со податоци за избраните и именуваните лица во локалната самоуправа, кои ќе послужат при креирање на единствената база на податоци.
Централниот регистар на РМ предлага да се разгледа можноста за соработка во спроведувањето на активностите на Државната комисија како носител на веќе воспоставената база на податоци во смисла на прецизирање на барањата на Државната комисија.

## 6. Ризична област: НЕПОТИЗАМ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ, ЈАВНИ НАБАВКИ, СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ, ИЗДАВАЊЕ НА РАЗНИ ВИДОВИ ДОЗВОЛИ И ДРУГО

Во шестата ризична област воочен е еден проблем: Влијание на непотизмот во извршувањето на јавните функции и 2 активности за негово надминување. Од нив: реализирана е 1 и нереализирана 1 активност.

Непотизмот, дефиниран како влијание на семејните и роднинските врски при донесување на одлуки за вработување и склучување на јавни (управни) договори ја наметна потребата од преземање на конкретни мерки за негово надминување.
Она што е особено важно, за надминување на влијанието на непотизмот во извршувањето на јавните функции е да се воспостават единствени стандарди и принципи кои ќе важат за целата јавна служба.
Во смисла на ова, во април 2010 година донесен е Закон за јавните службеници со кој се уредува статусот на вработените во јавниот сектор.

Измена на ЗССИ и други закони во правец на: прецизно дефинирање на поимот непотизам, начинот на решавање на овие појави, воведување обврзна изјава на службеното лице за роднински и други релации со учесници во постапките за воспоставување на конкретен однос (избор, наименување, вработување, унапредување, јавна набавка и др.) не е реализирана.
За реализација на активноста потребно е да се изменат посебните закони во насоките утврдени со активноста.

## 7. Ризична област: КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ДОБРА ЗА ПРИВАТНИ (ЛИЧНИ, ПАРТИСКИ И ДРУГИ) ЦЕЛИ

Во седмата ризична област воочен е еден проблем: Непочитување на постојните процедури и механизми за спречување на користењето на јавните добра за приватни цели и 6 активности за негово надминување. Од нив: реализирани се 3, делумно реализирана 1 и нереализирани 2 активности.
Почитувањето на постојните правила, процедури и механизми за злоупотребата на јавните добра за приватни цели, има за цел да се намалат појавните облици карактеристични за оваа ризична област. Во Законот за спречување на корупцијата, содржана е соодветна регулација за користењето на јавните добра, која треба да се прошири со одредби за зајакнување на заштитата на јавните добра во изборниот процес.

Досега нема измена на Законот за спречување на корупцијата во главата Спречување на корупцијата во политиката, со цел зајакнување на заштитата на јавните добра од користење во изборниот процес.

Понатаму, за надминување на оваа ризична област треба да се преземат активности за подигнување на етичката свест, преку кодекси, едукации и обуки. Изготвувањето информативен водич и спроведувањето едукации и обуки се реализирани активности на Државната комисија, опфатени со претходните ризични области.

Доколку ваквите мерки се покажат за недоволни, треба да се прибегне кон иницирање на утврдување јавна одговорност и се разбира во континуитет да се зајакнува внатрешната ревизија во делот на идентификување на злоупотребата на јавните добра. Во периодот од мај 2008 година до декември 2010 година, Државната комисија нема покренато иницијативи за јавна одговорност во случај на злоупотреба на јавните добра. Оваа активност е континуирана.

Активноста во насока на донесување етички кодекси со разработени одредби за забрана на користење на јавните добра, не е реализирана.

Во насока на зајакнување на внатрешната ревизија за идентификување на злоупотреби на јавните добра, преку воведување внатрешна ревизија во секој буџетски корисник, активноста е делумно реализирана.
Овој процес се реализира со основање единици за внатрешна ревизија во министерствата, фондовите и институциите на централна власт, или со склучување договори меѓу институциите, за вршење на внатрешна ревизија од единица за внатрешна ревизија од друг субјект од јавниот сектор. Од сознанијата со кои ЗЕЛС располага, процесот за воспоставување на систем и процедури за внатрешна ревизија е отпочнат, но се уште не е целосно реализиран во сите 85 единици на локалната самоуправа.

## 8. Ризична област: ВРАБОТУВАЊЕ ПО ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА

Во осмата ризична област воочен е еден проблем: Привилегирање на поранешни службени лица од страна на институциите и 3 активности за негово надминување. Од нив: реализирани се 2 и делумно реализирана е 1 активност.

Привилегирањето на службените лица по престанокот на функцијата и нивно вработување во организации од јавниот и приватниот сектор со кои претходно остварувале одредени деловни врски е карактеристика на оваа ризична област.
Таа е законски уредена во Законот за спречување на корупција и Законот за спречување судир на интереси.
Во смисла на надминување на воочениот проблем, од страна на Државната комисија спроведени се обуки и едукација преку изготвениот информативен водич.

Следната предвидена активност - донесување етички кодекси за избрани и именувани функционери, е делумно реализирана.

Активностите утврдени во оваа ризична област, опфатени се во претходните ризични области и во однос на статусот на нивната реализација веќе е дадено образложение.

## 9. Ризична област: КОРИСТЕЊЕ И ЗЛОУПОТРЕБА НА ИНФОРМАЦИИ ШТО НЕ СЕ ДОСТАПНИ НА ЈАВНОСТА

Во деветтата ризична област воочен е <u>еден проблем</u>: Отсуство на санкции за лицата кои ќе ги злоупотребат службените информации што не се достапни на јавноста и една активност за негово надминување, која не е реализирана.

Обврската на службените лица да ги третираат со целосна тајност и да обезбедат соодветна заштита на информациите кои им биле достапни во текот на извршувањето на функцијата, останува да важи и по престанокот на функцијата.
Но, и покрај тоа има појава на злоупотреба на вака стекнатите информации, кои не се достапни на јавноста, со што службените лица се поставуваат во привилегирана и нерамноправна положба.
За надминување на овој проблем, во Акциониот план за спроведување на Државната програма се предлага организирање на стручна расправа и разгледување на можноста за воведување соодветна казнена санкција.
Во смисла на ова, досега не се спроведени дебати за разгледување на можноста за воведување соодветни казнени санкции за лицата кои ќе ги злоупотребат службените информации што не се достапни на јавноста.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**